# БРИФИНГ ИЗВЕШТАЈ

## Компатибилност на постоечките здравствени и превентивни услуги со потребите на трансродовите лица во Северна Македонија

### ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Трансродовите лица во Северна Македонија се засегнати од нееднаквости во пристапот до здравствената грижа, вклучувајќи ограничен пристап до квалитетни здравствени услуги за рутинска здравствена грижа, како и за здравствена грижа поврзана со медицинско потврдување на родот.

Најчести проблеми при пристапот до здравствени услуги со кои се соочуваат трансродовите лица а кои одлучиле да го поминат процесот на медицинско потврдување на родот се тоа што здравственото осигурување не ги покрива целосно трошоците за хормонска терапија и воопшто не ги покрива останатите медицински интервенции (хируршки и нехируршки). Документирано е дека ова придонесува кон дополнителен здравствен ризик поради набавување и користење на тер апија и третмани без соодветен медицински надзор, како и кон егзистенцијален ризик поради финансискиот товар кој произлегува од непокривањето на здравствените услуги. Овие ризици ја прават оваа маргинализирана и економски нестабилна заедница уште поранлива.

Овој брифинг извештај е наменет за сите засегнати страни, како и носители на одлуки и политики, и дава увид во постоечките здравствени и превентивни услуги за трансродовите лица во Северна Македонија, но и обезбедува препораки во насока на унапредување на општата грижа за здравјето на трансродовите лица со која тие ќе бидат во фокусот на вниманието и која ќе одговара подобро на нивните индивидуални потреби.

### 1. ИСКУСТВА И СТАВОВИ НА ТРАНСРОДОВИТЕ ЛИЦА ПОВРЗАНИ СО КОМПАТИБИЛНОСТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ СО НИВНИТЕ ПОТРЕБИ

Како значителни потешкотии при добивање на соодветна здравствена грижа која одговара на потребите на трансродовите лица, идентификувани се оддалеченоста на здравствените услуги поврзани со медицинското потврдување на родот од местото на живеење и недостатокот од здравствени работници кои се сензитивизирани за работа со трансродови лица и/или имаат доволно познавања за потребите на трансродовите луѓе.

Многу од трансродовите лица избираат да разговараат за својот родов идентитет со некој здравствен професионалец како што се психолози или психијатри, но и покрај консензусот во медицината дека обидите да се промени нечиј родов идентитет („терапија за конверзија“) се неефективни, штетни и дури крајно навредливи, сепак потврдено е дека некои здравствени професионалци се обиделе да го направат тоа.

Сепак, трансродовите лица кои ќе се одлучат да го усогласат своето родово изразување со својот родов идентитет со интервенции за медицинско потврдување на родот често се жртви на насилство или стигма и дискриминација. Дел од трансродовите лица чувствуваат притисок од своето најблиско опкружување дека треба да го кријат својот родов идентитет или да живеат според полот впишан при раѓање поради страв од губење на домувањето или работата, социјално отфрлање од пријателите и семејството или јавна осуда.

Трансродовите жени се особено засегнати и препознаени како популација под зголемен ризик од ХИВ инфекција, каде што преваленцата на светско ниво е 20%. Одреден број фактори го зголемуваат ризикот од ХИВ, како што се социјалното отфрлање и стигма, недостаток на пристап до соодветна здравствена грижа за трансродови лица, пречки во пристапот до образование, вработување и домување и високи нивоа на интимно насилството.

## 2. ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ СО ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Генералната перцепција кај граѓанските организации е дека трансродовите лица не бараат здравствени услуги во моментот кога имаат потреба, туку откако сериозно ќе се наруши здравјето поради стравот од откривање на нивниот идентитет. Специјалистичките здравствени услуги поврзани со здравствената грижа за трансродовите лица, граѓанските организации ги опишуваат како услуги со отежнат пристап поради долгите листи на чекање или услуги кои воопшто не се недостапни за заедницата. Недостатокот на клинички патеки на движење на пациентите, недостаток од здравствени работници кои се специјализирани и сензитивизирани за работа со трансродови лица, како и недоволна инволвираност на матичните лекари во целокупната здравствена грижа за трансродовите лица се наведуваат како дополнителни пречки, што се потврдува и со искуствата на трансродовите лица

Несовпаѓањето на родот со личната документација, во граѓанскиот сектор се перципира како извор за стигма и дискриминација од страна на здравствените работници, кои најчесто се во форма на исмејување, сарказам или несоодветни прашања неповрзани со здравјето на трансродовото лице, што дополнително ги оддалечува трансродовите лица од здравствената грижа. Оттука, паралелно со процесите за унапредувањето на пристапот до здравствена грижа и услуги за трансродовите лица, граѓанскиот сектор го приоритизира и правното признавање на родот, што значително би ги намалило бариерите во пристапот до здравствени услуги и грижа за трансродовите лица.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СЕОПФАТЕН И НЕПРЕЧЕН ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА ЗА ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Да се креира мултидисциплинарен тим од здравствени работници (психолог, матичен лекар, ендокринолог, гинеколог/уролог) за давање услуги и грижа за трансродови лица и воспоставување формален систем за координација и комуникација во овој тим. | Да се развијат, усвојат и воспостават клинички патеки, упатства, протоколи, правилници и/или процедури за давање здравствена грижа и услуги на трансродови лица согласно меѓународните стандарди и препораки. |
| Да се креира пакет услуги за здравствена грижа поврзана со медицинското потврдување на родот, а покриен од здравственото осигурување. | Да се сензитивизираат здравствените работници, вклучувајќи ги и матичните лекари кои работат со трансродови лица согласно специфичните потреби на трансродовата заедница. |
| Дополнително да се обучат и изградат капацитетите во граѓанскиот сектор за работа со трансродови лица и да се воспостават тимови за поддршка и грижа за здравјето на трансродовите лица. | Да се препознаат и да се вклучат трансродовите лица како клучна популација во Националната програма за заштита на населението од ХИВ и да се вклучат лица од заедницата во сервисите за ХИВ тестирање и советување. |

Итно да се спроведат процесите за правно признавање на родот, паралелено со процесите за унапредување на пристапот до здравствена грижа за трансродовите лица, и да се создаде системска видливост на трансродовите лица во Република Северна Македонија.

СТАР
ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

TransFormA